## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 126 став 1 и 2 од Законот за водостопанствата ( Службен весник на Република Македонија бр. 85/03), и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ( Службен весник на Република Македонија бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 07 јули 2005 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТЕЊЕТО НА ЈВП "ВОДОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА" - СКОПЈЕ И ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ЛИКВИДАЦИЈА

1. Со оваа одлука престанува со работа Јавното водостопанско претпријатие Водостопанство на Македонија - Скопје.
2. По објавувањето на оваа одлука во Службен весник на Република Македонија ќе отпочне постапка за ликвидација на Јавното водостопанско претпријатие од точка 1 на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

Бр. 19-2494/1<br>
7 јули 2005година<br>
Скопје

Претседател на Владата<br>
на Република Македонија,<br>
д-р **Владо Бучковски**, с.р.